**20130160603**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 7-а став 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09 и 145/12), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА НАПЛАТА НА ТРОШОЦИ ПРИ УКАЖУВАЊЕ ПОМОШ (АСИСТЕНЦИЈА) ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА

I. За укажување помош (асистенција) од страна на Полицијата заради спроведување на извршна одлука, доколку при извршувањето надлежниот државен орган односно лицата кои со посебен закон се овластени да го спроведат извршувањето наидат на физички отпор или таков отпор може оправдано да се очекува, како и по барање за асистенција предвидена со посебен закон (за обезбедување на превоз на експлозивни материи, вонреден превоз и придружба на определени стоки и друго), подносителот на барањето за асистенција ги надоместува трошоците согласно следните вредности по работен час на ангажирани работници и поминат километар:

- вредност на еден работен час на ангажиран работник - 360,00 денари;
- вредност на еден поминат километар - 60, 00 денари.

Во вредностите од ставот 1 на делот I од ова решение, не е вклучен данок на додадена вредност.

II. За укажување помош (асистенција) од страна на Полицијата по барања на државни органи, институции што вршат јавно овластување и правни лица, во врска со обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки односно предмети од вредност, а по претходно склучен договор, подносителот на барањето за асистенција ги надоместува трошоците согласно следните вредности по работен час на ангажирани работници и поминат километар:

- вредност на еден работен час на ангажиран работник - 600,00 денари;
- вредност на еден поминат километар - 60, 00 денари.

Во вредностите од ставот 1 на делот II од ова решение, не е вклучен данок на додадена вредност.

III. Со влегувањето во сила на ова решение престануваат да важат Решението за наплата на трошоците при укажување помош (асистенција) од страна на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.108/11) и Решението за наплата на трошоци при преземање на посебни мерки за безбедност при превоз на определени експлозивни материи, обезбедување на вонреден превоз и обезбедување (придружба) при превоз на определени стоки од страна на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/11).

IV. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-4200/1
22 јануари 2013 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.